**УГОТУР АД Скопје**

**Годишно собрание**

Врз основа на член 81 од Статутот на Уготур Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија, а во согласност со член 417 став 3 и член 383 став 1 точка 1 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 16.05.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА УГОТУР АД Скопје

**(1) Се дава согласност да се изврши измена на Статутот на УГОТУР АД Скопје и тоа:**

**Член 1**

Членот 3 став 1 се менува и гласи:

***Фирмата на Друштвото гласи:***

***УГОТУР Акционерско друштво за трговија, услуги и агенциско работење - Скопје***

**Член 2**

Во член 39 во став 1 бројот 4 (четири) се заменува со број 3(три).

**Член 3**

Членот 39 став 2 се менува и гласи:

***Од вкупниот број на членови, 1(еден) е неизвршен, 1 (еден) е независен неизвршен член и 1 (еден) член е извршен.***

**(2) Одлуката за измена на Статутот влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на Друштвото.**

**(3) Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на Друштвото да подготви пречистен текст на Статутот на Друштвото.**

**Образложение**

Одборот на директори, како последица на настанатите промени во видот на дејностите кои ги обавува смета дека е потребно да се изврши и промена на називот на друштвото која ќе ги содржи дејностите со кои истата во иднина ќе се занимава.
Имајќи ги предвид потребите за овозможување на квалитетно, сигурно и целисходно управување со друштвото, Одборот на дитектори констатираше дека е потребно да се намали бројот на членови на одборот од три на четири члена.
Согласно условите предвидени во ЗТД одборот ја доставува предложената одлука на собранието истата да ја усвои.

**Арх.бр.38/II-5**
**16.05.2023 година**
**Скопје**

**Годишно собрание на акционери на**
**УГОТУР АД Скопје**
**Претседавач**

______________________